ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

# ДЕРБИ

СПОРТСКИ ВЕСНИК

www.kiselavoda.gov.mk ● година II, број 2, јуни 2012 година

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

## Авеловски по стапките на Панчев

















Издавач: Општина Кисела Вода.
Првиот број на „Дерби“ излезе на 10 јуни 2010 година
Редакциски колегиум. Главен и одговорен уредник: Тони Чупоски. Соработници: Милован Матовиќ и Марјан Спасовски; Фотографија: Општинска архива, Игор Зафировски; Технички уредник: Антон Власов
Печати: Европа 92-Кочани; веб сајт: www.kiselavoda.gov.mk; тел: 02/2785-462; факс: 02 2770-210

# Кисела Вода - расадник на таленти

Во системот на образованието, спортот и физичкото воспитание завземаат значајно место насекаде во светот. Заедно со развојот на образованието се развиваат спортот и физичкото воспитание се развива индивидуата, се развива личноста. Во училишната година што измина, општината Кисела Вода реализира низа програмски содржини во училишниот спорт. Лигите во петте спорта, Купот „Св. Ѓорги", малите олимписки игри, беа проекти во кои се вреднуваше трудот и талентот.

Мартин Георгиев, Моника Трајковска, Глорија Каровски, Стефан Темелковски, Игор Авеловски, Артан Алија, Јелена Костиќ, Стефан Милевски, можеби, во моментов се само супериорни таленти на општината Кисела Вода. Можеби, нивните имиња во овој момент се персонификација за училишни локални спортски херои, но, по нивната скромност, елан за работа, добро воспитување, по нивниот талент, несомнено е дека еден ден, некој од нив ќе успее да го облече дресот со државниот грб. Нивна обврска е, да се стремат кон нови победи, кон усовршување на нивниот талент, кон постојана надградба на својата личност. Наша обврска е, како Општина, да обезбедуваме макисмални услови за развој на нивниот талент, да обезбедуваме услови за рекреација, масовност и развој на спортот во училиштата и во секои катче на Општината.

Дека училишниот спорт е база на врвниот спорт, многупати до сега е кажано, но, во општината Кисела Вода, истата дефиниција, години наназад, повеќепати е потврдена со успешни примери за остварување на детскиот сон – да се биде најуспешен. Зарем, тоа не го сторија македонската фудбалска легенда Дарко Панчев, кошаркарскиот ас Петар Наумовски, Аце Станковски во ракометот, Никола Аврамовски, Сашо Милошевски, сега тоа го прави новиот македонски пливачки рекордер на 50 метри слободно, олимпискиот кандидат Мартин Стефановски. Сите тие, своевремено биле најуспешни во училиштата во „Кисела Вода", а подоцна, со своите резултати ја освојуваа Европа и светот. Оттука, доаѓа и обврската да се продолжи со спортувањето и постојано да се надградува талентот и спортската личност.



**„Дека училишниот спорт е база на врвниот спорт, многупати до сега е кажано, но, во општината Кисела Вода, истата дефиниција, години наназад, повеќепати е потврдена со успешни примери за остварување на детскиот сон - да се биде најуспешен. Зарем, тоа не го сторија македонската фудбалска легенда Дарко Панчев, кошаркарскиот ас Петар Наумовски, Аце Станковски во ракометот, Никола Аврамовски, Сашо Милошевски, сега тоа го прави новиот македонски пливачки рекордер на 50 метри слободно, олимпискиот кандидат Мартин Стефановски"**

Оваа година го направивме првиот чекор во вреднувањето на талентот кај децата. Доделивме 100 награди за 100 најталентирани деца од областа во спортот, образованието, културата, творештвото... Општината и понатаму ќе ги стимулира талентираните ученици, нашите надежи и перспективи за постигнување значајни резулати во сите општествени области. Да бидат достојни граѓани на нашата држава, гордо и успешно со своите резултати да ја претставуваат општината Кисела Вода, градот Скопје и пред се Република Македонија насекаде во светот.

Марјан Ѓорчев
Градоначалник на
Општина Кисела Вода

## ФИНАЛЕ, ПЛЕЈ-ОФ - ЛИГА ВО МАЛ ФУДБАЛ

### „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“ ЈА ВРАТИ ШАМПИОНСКАТА ТИТУЛА

# Авеловски како Панчев

Првото училиште, секогаш остава неизбришливи траги во животот. Првиот школски час, првиот учител, првиот наставник по физичко, дружењето со децата, првите натпревари во фудбал во школската сала и училишниот двор, првите освоени пехари- тоа се неизбришливи моменти од детството. Македонската фудбалска легенда, Дарко Панчев, којзнае по кој пат, покажувајќи ја својата човечка димензија, деновиве беше во посета на своето училиште ,,Ќирил Пејчиновиќ“ за да им го честита триумфот во мал фудбал.- Во 1972 година, бев првата генерација на тогаш, новото училиште ,,Ќирил“ – се присетува Дарко, и продолжива. – Прва учителка ми беше Надежда, физичко ми предаваше Бранка, а ова беше мојата прва училница, -гордо објаснуваше таткото Дарко на својата помала ќерка Марија, која му правеше друштво.

- Живеев веднаш до школскиот двор во славното фудбалско маало ,,Па Бап“. Никој ни немаше рамен во мал фудбал. ,,Ќирил“ на училишните натпревари секогаш победувал. Се сеќавам, дека едно финале



Пехарот се врати дома: Игор Авеловски, Ленче Манева (директор на ОУ К. Пејчиновиќ) и Дарко Панчев




„Кирил“ има шампионски имиџ: Дарко со неговата ќерка Марија

### ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ-ОФ
### ОУ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ – ОУ НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА
### 4:0 (1:0)

Место на играње: спортска сала ,,Архиепископ Доситеј“. Гледачи околу 500. Судии: Филип Ицковски, Дејан Младеновски. Делегат: Мурат Володер. Стрелци: 2 И.Авеловски, А. Алија, С.Тасевски

ОУ Кирил Пејчиновиќ: Биковски, Авеловски, Бошковски, Бојчевски, Алија, Спасеновски, Тасевски, Алексовски, Митров, Марковски. Тренер: Никола Матлиевски

ОУ Невена Георгиева Дуња: Чорев, Милевски, Манев, Јакимовски, Митрески, Ангелов, Героски, Глигоров, Петровски, Таневски, Николовски, Магдевски. Тренер: Вангел Суваријев

### НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО
### ОУ КРУМЕ КЕПЕСКИ – ЦОУ РАЈКО ЖИНЗИФОВ
### 5:4 НА ПЕН. ВО РЕГУЛАРЕН ДЕЛ: 2:2 (0:1)

Место на играње: спортска сала ,,Архиепископ Доситеј“. Гледачи околу 500. Судии: Филип Ицковски, Дејан Младеновски. Делегат: Мурат Володер. Стрелци: Јовановски,Папули (ОУ К.Кепески) – Митров, Груевски (ОУ Р.Жинзифов)

ОУ Круме Кепески: Трајчевски, Јовановски, Папули, Велковски, Миленковски, Ивановски, Тасевски, Здравевски, Ѓорѓиев, Батков, Тодоровски, Петревски, Трпевски. Тренер: Игор Зафировски

ЦОУ Рајко Жинзифов: Атанасовски, Митров, Здравевски, Тренковски, Реџеповски, Груевски, Стојковски, И.Тодоровски, Д. Тодоровски, Ѓорѓиев, Лазевски, Арсовски. Тренер: Благојче Кечовски





со ,,Песталоци“ игравме на ,,Помошното на Градски“. Со ,,Коки“ (Никола Аврамовски) ги ,,растуривме“ од голови. Бевме убедливо најдобри. Така, и бев селектиран од тогашниот тренер на Вардар, Златко Илиевски. Игор, за да успееш во фудбалот треба многу упорност и тренинг, -советите беа упатени до Игор Авеловски, МВП играчот на сезоната. -,, Добро е што градоначалникот Марјан Ѓорчев има приоритет во развојот на училишниот спорт. Тука се талентите, само треба да се поттикнат и да им се овозможат добри услови, - на крајот од едночасовната посета, резимираше почесниот граѓанин на Општината Дарко Панчев.

Инаку, во финалето на плеј-офот ,,Кирил Пејчиновиќ“ ја совалада екипата на ,,Невена Георгиева Дуња“ со 4:0. Авеловски, Алија, Биковски, Тасевски, Бојчевски и другарите, победија на сите лигашки натпревари и во плеј-офот. Во борбата за третото место ОУ ,,Круме Кепески“ дури по изведувањето на пенали славеше над ОУ ,,Рајко Жинзифов“ со 5:4. Во регуларниот тек средбата заврши со резултат 1:1.

Рекоа по натпреварот:

## АРТАН АЛИЈА - ОУ „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“

-Имаме стопостотен учинок. Со оглед на израмнетоста на екипите по квалитет, на почетокот од сезоната, ми изгкедаше дека нема така лесно да дојдеме до посакуваната титула. Но, нашата сплотеност како тим, борбеноста на средбите, но и квалитетното водење од клупата на нашиот тренер Никола Матлиевски, придонесе да се радуваме во финалето.

## ХРИСТОС ПАПУЛИ -ОУ „КРУМЕ КЕПЕСКИ“

-Беше многу неизвесно. Натпреварите се играа во полна сала и атмосерата беше величествена. На почетокот со оглед дека игравме како домаќини во нашата спортска сала, очекувавме да бидеме во плеј-офот. Така и се случи, но морам да напоменам дека во лигата имаше многу квалитетни екипи. Во полуфиналето загубивме од „Невена Георгиева Дуња“ на пенали, но сепак во борбата за третото место среќен сум што со моите два гола обезбедивме „бронза“ и што ја израдувавме нашата верна публика. ●

## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, УЧИЛИШЕН СПОРТ СЕЗОНА 2011/2012 КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ И ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Есенска сезона<br>1 коло – 21.10.2011 | |
| 1. Кирил Пејчиновиќ – Круме Кепески | 2:1 (2:0) |
| 2. Кузман Шапкарев – Св.Климент Охридски | 3:1 (0:1) |
| 3. Рајко Жинзифов – Кузман Јосифовски Питу | 5:1 (3:0) |
| 4. Невена Георгиева Дуња – Партенија Зографски | 1:1 (0:0) |
| 2 коло – 27.10.2011 | |
| Кузман Јосифовски Питу – Круме Кепески | 1:2 (0:1) |
| Кузман Шапкарев – Невена Георгиева Дуња | 1:4 (1:2) |
| Рајко Жинзифов – Кирил Пејчиновиќ | 1:2 (1:0) |
| Св.Климент Охридски – Партенија Зографски | 0:4 (0:2) |
| 3 коло – 31.10.2011 | |
| Партенија Зографски – Кузман Јосифовски Питу | 2:1 (2:1) |
| Круме Кепески – Св.Климент Охридски | 1:1 (1:1) |
| Невена Георгиева Дуња – Рајко Жинзифов | 2:1 (2:1) |
| Кузман Шапкарев – Кирил Пејчиновиќ | 1:2 (0:1) |
| 4 коло – 09.11.2011 | |
| Партенија Зографски – Кирил Пејчиновиќ | 1:3 (1:2) |
| Кузман Шапкарев – Кузман Јосифовски Питу | 1:0 (1:0) |
| Рајко Жинзифов – Св.Климент Охридски | 3:0 (0:0) |
| Круме Кепески – Невена Георгиева Дуња | 2:2 (1:1) |
| Пролетна полусезона:<br>5 коло – 09.04.2012 | |
| 1. Невена Георгиева Дуња– Кузман Јосифовски Питу | 2:0 (0:0) |
| 2. Кузман Шапкарев– Круме Кепески | 1:2 (0:1) |
| 3. Партенија Зографски– Рајко Жинзифов | 2:2 (2:1) |
| 4. Св.Климент Охридски–Кирил Пејчиновиќ | 1:3 (1:3) |
| 6 коло – 17.04.2012 | |
| 1. Кузман Јосифовски Питу – Кирил Пејчиновиќ | 0:4 (0:2) |
| 2. Св.Климент Охридски – Невена Георгиева Дуња | 0:3 (служ.) |
| 3. Круме Кепески – Рајко Жинзифов | 0:0 (0:0) |
| 4. Кузман Шапкарев – Партенија Зографски | 4:4 (1:3) |
| 7 коло – 07.05.2012 | |
| 1. Партенија Зографски – Круме Кепески | 0:1 (0:0) |
| 2. Рајко Жинзифов – Кузман Шапкарев | 3:2 (1:1) |
| 3. Кузман Јосифовски Питу – Св.Климент Охридски | 3:0 (служ.) |
| 4. Невена Георгиева Дуња – Кирил Пејчиновиќ | 1:2 (1:1) |

ТАБЕЛА:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ | 7 | 7 | 0 | 0 | 18:6 | 21 |
| 2. НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА | 7 | 4 | 2 | 1 | 15:7 | 14 |
| 3. КРУМЕ КЕПЕСКИ | 7 | 3 | 3 | 1 | 9:7 | 12 |
| 4. РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 7 | 3 | 2 | 2 | 15:9 | 11 |
| 5. ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ | 7 | 2 | 3 | 2 | 14:12 | 9 |
| 6. КУЗМАН ШАПКАРЕВ | 7 | 2 | 1 | 4 | 14:16 | 7 |
| 7. КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 7 | 1 | 0 | 6 | 7:19 | 3 |
| 8. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 7 | 0 | 1 | 6 | 2:17 | 1 |

ПЛЕЈ–ОФ ( ПОЛУФИНАЛЕ, 08.05.2012):
ОУ К. ПЕЈЧИНОВИЌ – ОУ Р. ЖИНЗИФОВ 3:1 (1:1)
ОУ Н. Г. ДУЊА – ОУ К.КЕПЕСКИ 5:4 на пен. Рег. дел 1:1 (1:1)

ПЛЕЈ–ОФ ( ФИНАЛЕ, 10.05.2012):
Натпревар за прво место.
ОУ К. ПЕЈЧИНОВИЌ – ОУ Н. Г. ДУЊА 3:1 (1:1)
Натпревар за трето место:
ОУ К.КЕПЕСКИ – ОУ Р. ЖИНЗИФОВ 5:4 на пен. Рег. дел 2:2 (0:1)
Натпреварите се играа во спортската сала „Архиепископ Доситеј“.

## ФИНАЛЕ, ПЛЕЈ-ОФ - ЛИГА ВО КОШАРКА

### ОУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ" ЈА ПРЕКИНА ДОМИНАЦИЈАТА НА „ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ"



# Во „режија" на Ѓорѓиев

По две годишна доминација на ОУ „Партенија Зографски", нов сопственик на големиот преоден пехар во кошарка е ОУ „Рајко Жинзифов". Во големото финале Избраниците на тренерот Јовица Ефтовски беа поуспешни од ОУ „Круме Кепески" со резултат 49:37. И овојпат се истакна капитенот на „Драчевци" Мартин Ѓорѓиев кој беше незадржлив на теренот. Неговата посветеност на играта и тимот, потпомогнат од Јаховиќ, и Трајчевски воедно му ја донесе и титулата МВП играч на лигата. Трети беа двократните шампиони ОУ „Партенија Зографски", кои во малото финале ги совладаа домаќините ОУ „Невена Георгиева Дуња" со резултат 48:45. Најголеми губитници во

### ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ-ОФ ВО КОШАРКА
### ЦОУ РАЈКО ЖИНЗИФОВ – ОУ КРУМЕ КЕПЕСКИ
### 49:37 (25:19)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија".
Гледачи околу 500.
Судии: Бојчев, Филиповски. Делегат: Милован Матовиќ.

ЦОУ Рајко Жинзифов: Ѓорѓиев, Ценевски, Тодоровски Николовски, Данчевски, Наумовски, Јонуз, Стефановски, Зафиров, Гигов, Столиќ, Јаховиќ.
Тренер: Јовица Ефтовски.

ОУ Круме Кепески: Тодоров, Јовески Германов, Илиќ, Стојановски, Зафировски, Лисичков, Трпков, Петровски, Павличевиќ, Павлица, Тодоровиќ.
Тренер: Александар Милојевиќ

### НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО
### ОУ НЕВЕНА ЃЕОРЃИЕВА ДУЊА - ОУ ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ
### 45:48 (25:20)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија".
Гледачи околу 500.
Судии: Бојчев, Петровиќ.
Делегат: Милован Матовиќ.

ОУ Невена Ѓеорѓиева Дуња: Гуцев, Милевски, Димов, Илиев, Стојчев, Глигоров, Тасевски, Марковски, Алексов, Бабамов, Спасов, Чарапиќ.
Тренер: Вангел Сувариев

ОУ Партенија Зографски: Ҫ.Темелковски, Ѓорѓиевски, Кретсевкси, Л.Темелковски, Марковски, Гиговски,, Мицев, Митровски, Михајловски, Велковски, Димитровски, Анастасовски.
Тренер: Мартин Мартиновски




**Елизабета Јаневска пом. раководител на Сектор за образование, култура и спорт, го додели пехарот**



плеј-офот беше екипата на тренерот Вангел Сувариев која по завршувањетона регуларниот дел беше прва со максимален учинок од седум добиени средби и освоени 14 бодови. Финалните натпревари покрај претставниците на Општината ги следеше и Лазар Поповски, директорот на Агенцијата за спорт и млади, како и ракометната легенда Аце Станковски и олимпискиот кандидат државниот пливачки рекордер Мартин Стефановски.

## ВАНГЕЛ СУВАРИЕВ – ТРЕНЕР НА ОУ „Н. Г. ДУЊА“

Во првенството бевме апсолутни фаворити, и ги победивме сите фаворити. Но, во плеј –офот, од неразбирливи причини на сцена стапија судиите, кои со своето лошо делење на правдата ни оневозможија да се радуваме. По изгубеното полуфинале, играчите се демотивираа и како плод на таквата опуштеност не успеавме да го освоиме ниту третото место. Навистина штета, бидејќи „Дуња“ имаше шампионска генерација.

## ЈОВИЦА ЕФТОВСКИ – ТРЕНЕР НА ОУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“

Оваа генерација на „Рајко Жинзифов“ ја градев скоро четири години, и сосема заслужено го освои трофејот. Инаку, морам да напоменам дека натпреварите од година во година стануваа поквалитетни

### ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, УЧИЛИШЕН СПОРТ СЕЗОНА 2011/2012 КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ И ТАБЕЛА

| Есенска полусезона | |
|---|---|
| 1 коло | |
| Св.Климент Охридски–Невена Георгиева Дуња | 35:40 (15:19) |
| Кузман Јосифовски Питу–Кирил Пејчиновиќ | 46:23 (27:10) |
| Круме Кепески–Рајко Жинзифов | 46:54 (24:25) |
| Кузман Шапкарев–Партенија Зографски | 34:40 (16:21) |
| 2 коло | |
| Невена Георгиева Дуња–Кузман Јосифовски Питу | 47:35 (23:20) |
| Св.Климент Охридски–Кирил Пејчиновиќ | 45:25 (25:08) |
| Партенија Зографски–Рајко Жинзифов | 40:53 (20:28) |
| Кузман Шапкарев–Круме Кепески | 35:52 (13:29) |
| 3 коло | |
| Партенија Зографски – Кирил Пејчиновиќ | 52:45 (23:30) |
| Круме Кепески – Невена Георгиева Дуња | 29:47 (11:26) |
| Рајко Жинзифов – Св.Климент Охридски | 50:30 (29:19) |
| Кузман Шапкарев – Кузман Јосифовски Питу | 25:43 (12:22) |
| 4 коло | |
| Партенија Зографски – Круме Кепески | 34:28 (12:15) |
| Рајко Жинзифов – Кузман Шапкарев | 51:38 (23:16) |
| Невена Георгиева Дуња – Кирил Пејчиновиќ | 43:20 (25:10) |
| Кузман Јосифовски Питу – Св.Климент Охридски | 37:29 (16:12) |
| 5 коло | |
| Невена Георгиева Дуња – Партенија Зографски | 48:38 (21:21) |
| Кирил Пејчиновиќ – Круме Кепески | 20:55 (12:21) |
| Рајко Жинзифов – Кузман Јосифовски Питу | 39:34 (17:08) |
| Кузман Шапкарев – Св.Климент Охридски | 55:24 (30:12) |
| 6 коло | |
| Кузман Јосифовски Питу – Круме Кепески | 38:43 (20:16) |
| Св.Климент Охридски – Партенија Зографски | 46:56 (18:36) |
| Рајко Жинзифов – Кирил Пејчиновиќ | 50:31 (21:12) |
| Кузман Шапкарев – Невена Георгиева Дуња | 41:54 (16:30) |
| 7 коло | |
| Партенија Зографски – Кузман Јосифовски Питу | 36:32 (20:19) |
| Круме Кепески – Св.Климент Охридски | 59:30 (31:22) |
| Невена Георгиева Дуња – Рајко Жинзифов | 38:36 (24:18) |
| Кузман Шапкарев – Кирил Пејчиновиќ | 46:28 (18:11) |

| ТАБЕЛА: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА | 7 | 7 | 0 | 317:234 | 14 |
| 2. РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 7 | 6 | 1 | 329:257 | 13 |
| 3. ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ | 7 | 5 | 2 | 296:286 | 12 |
| 4. КРУМЕ КЕПЕСКИ | 7 | 4 | 3 | 312:263 | 11 |
| 5. КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 7 | 3 | 4 | 265:199 | 10 |
| 6. КУЗМАН ШАПКАРЕВ | 7 | 2 | 5 | 274:292 | 9 |
| 7. СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 7 | 1 | 6 | 239:312 | 8 |
| 8. КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ | 7 | 0 | 7 | 192:337 | 7 |

| ПЛЕЈ–ОФ ( ПОЛУФИНАЛЕ) | |
|---|---|
| КРУМЕ КЕПЕСКИ – НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА | 53:50 (29:35) |
| ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ – РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 56:69 (27:33) |
| ПЛЕЈ–ОФ ( ФИНАЛЕ) | |
| Натпревар за трето место: | |
| НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА – ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ | 45:48 (25:20) |
| Натпревар за прво место. | |
| РАЈКО ЖИНЗИФОВ – КРУМЕ КЕПЕСКИ | 49:37 (25:19) |
| Натпреварите се играа во спортската сала „Независна Македонија“. | |

благодарение на изрламнетоста на екипите. Овде голема заслуга имаат професорите по физичко воспитание кои добро си ја завршуваат работата околу тренажните процеси во екипите. Дека училишниот спорт има голема популарност во Општината, говори и фактот, дека, уште отсега новите надежи на „Рајко“ ме прашуваат кога ќе започнат тренинзите за новата сезона.

## ФИНАЛЕ, ПЛЕЈ-ОФ - ЛИГА ВО ОДБОЈКА

# Трајковска го реши победникот



Моника Трајковска, Јелена Костиќ и другарките од ,,Невена Георгиева Дуња“ беа неприкосновени во одбојкарската лига. Буквално на теренот ,,газеа“ се пред себе. Последната пречка во финалето им беше ,,Рајко Жинзифов“. Иако од нив, уште во првото коло го доживеаа единствениот пораз во сезоната, овојпат, славеа триумфално со 2:0 по сетови 25:23 и 25:20.

-,,Оваа селекција ја подготвувам две години и сигурен бев дека ќе стигне до трофејот,- вели стратегот на ,, Дуња“ великанот во македонскиот спорт, Ристо Дарлев. Точно е дека повеќето од нив тренираат во клубови, но точно е и тоа дека постојано треба знаењето да го надградуваат. А, тоа е можно токму со вакви натпревари од училишниот

### ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ-ОФ – ВО ОДБОЈКА
### ОУ НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА – ОУ РАЈКО ЖИНЗИФОВ
### 2:0 (25:23 ; 25:20)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија“.
Гледачи околу 500.
Судии: Горан Јањевиќ, Дејан Младеновски.
Делегат: Миливоје Илиевски.

ОУ Невена Георгиева Дуња: Трајковска, Крстиќ, Тимовска, Петковска, Десковска, Спировска, Шопоска, Вељановска , Секуловска, Јовановска, Ончева.
Тренер: Ристо Дарлев.

ОУ Рајко Жинзифов: Георгиева, Јовановска, Стаменова, Јаневска, Доневска, Илиевска, Николова, Божиновска, Аврамовска, Каровски.
Тренер: Горан Андреевски

### НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО
### ОУ ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ – ОУ КРУМЕ КЕПЕСКИ
### 0:2 (19:25; 11:25)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија“.
Гледачи околу 500.
Судии: Горан Јањевиќ, Дејан Младеновски.
Делегат: Миливоје Илиевски.

ОУ Партенија Зографски: Стефановска, Младеновска, Николовска, Билбиловска, Илиевска, Тодоровска, Маневска, Дукмеџиевска,Петреска, Чолакова.
Тренер: Мартин Мартиновски

ОУ Круме Кепески: Стефаноска, Цветковска, Спасовска, Орданоска, Огненоска, Гаврилова, Караџова, Милановска, Илиевска, Најдовска.
Тренер: Игор Зафировски




**Моника Трајковска најдобар играч на лигата**




## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, УЧИЛИШЕН СПОРТ
## СЕЗОНА 2011/2012
## КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ И ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Есенска полусезона | |
| 1 коло | |
| Партенија Зографски–Кузман Јосифовски Питу | 2:0 (25:10;25:12) |
| Круме Кепески–Св. Климент Охридски | 2:0 (25:03;25:09) |
| Невена Георгиева Дуња–Рајко Жинзифов | 1:2 (25:21;15:25;15:17) |
| Кузман Шапкарев–Кирил Пејчиновиќ | 0:2 (11:25, 20:25) |
| 2 коло | |
| Круме Кепески–Невена Георгиева Дуња | 1:2 (25:19;19:25;12:15) |
| Партенија Зографски–Кирил Пејчиновиќ | 2:0 (25:19;25:23) |
| Кузман Шапкарев–Кузман Јосифовски Питу | 1:2 (21:25;25:19;11:15) |
| Рајко Жинзифов– Св. Климент Охридски | 2:0 (25:11;25:11) |
| 3 коло | |
| Партенија Зографски–Круме Кепески | 0:2 (16:25;22:25) |
| Рајко Жинзифов–Кузман Шапкарев | 2:0 (25:19;25:10) |
| Кузман Јосифовски Питу–Св. Климент Охридски | 0:2 (22:25;26:28) |
| Невена Георгиева Дуња–Кирил Пејчиновиќ | 2:0 (25:19;25:14) |
| 4 коло | |
| Невена Георгиева Дуња–Партенија Зографски | 2:0 (25:11;25:11) |
| Кузман Шапкарев–Св. Климент Охридски | 0:2 (23:25;17:25) |
| Рајко Жинзифов–Кузман Јосифовски Питу | 2:0 (25:11;25:16) |
| Кирил Пејчиновиќ–Круме Кепески | 1:2 (28:26;13:25;7:15) |
| Пролетна полусезона | |
| 5 коло | |
| Кузман Јосифовски Питу – Кирил Пејчиновиќ | 0:2(13:25;08:25) |
| Св. Климент Охридски – Невена Георгиева Дуња | 0:2(05:25;10:25) |
| Круме Кепески – Рајко Жинзифов | 2:1 (25:18;17:25;14:6) |
| Кузман Шапкарев – Партенија Зографски | 0:2 (09:25;11:25;) |
| 6 коло | |
| Невена Георгиева Дуња – Кузман Јосифовски Питу | 2:0(25:07;25:14) |
| Кузман Шапкарев – Круме Кепески | 0:2(08:25;17:25) |
| Партенија Зографски – Рајко Жинзифов | 1:2(25:16;18:25;13:15) |
| Св. Климент Охридски – Кирил Пејчиновиќ | 0:2 (08:25;10:25;) |
| 7 коло | |
| Кузман Јосифовски Питу – Круме Кепески | 0:2 (15:25;17:25) |
| Кузман Шапкарев – Невена Георгиева Дуња | 0:2(16:25;17:25) |
| Рајко Жинзифов – Кирил Пејчиновиќ | 1:2(25:21;27:29;09:15) |
| Св. Климент Охридски – Партенија Зографски | 0:2 (20:25;21:25;) |

ТАБЕЛА:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА | 7 | 6 | 1 | 13:3 | 12 |
| КРУМЕ КЕПЕСКИ | 7 | 6 | 1 | 13:4 | 12 |
| РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 7 | 5 | 2 | 12:6 | 10 |
| ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ | 7 | 4 | 3 | 9:6 | 8 |
| КИРИЛ ПЕЈ?ИНОВИЌ | 7 | 4 | 3 | 9:7 | 8 |
| СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 7 | 2 | 5 | 4:10 | 4 |
| КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 7 | 1 | 6 | 2:13 | 2 |
| КУЗМАН ШАПКАРЕВ | 7 | 0 | 7 | 1:12 | 0 |

| | |
|---|---|
| ПЛЕЈ–ОФ ( ПОЛУФИНАЛЕ) | |
| Н. Г. ДУЊА–ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ | 2:1 (19:25;25:22;15:8) |
| РАЈКО ЖИНЗИФОВ–КРУМЕ КЕПЕСКИ | 2:1 (25:13;17:25;15:13) |
| ПЛЕЈ–ОФ ( ФИНАЛЕ) | |
| Натпревар за трето место: | |
| ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ–КРУМЕ КЕПЕСКИ | 0:2 (19:25;11:25) |
| Натпревар за прво место. | |
| НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА–РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 2:0 (25:23;25:20) |
| Натпреварите се играа во спортската сала ,,Независна Македонија". | |

спорт. Атмосверата низ целата година навистина беше прекрасна, и пресреќен сум што тие си заминуваат од училиштето како шампиони"- заврши Дарлев.

Моника Трајковска бездруго е голем талент во одбојката. Сезоната ја заврши со титулата најдобар ,,МВП" играч на сезоната.

-Иако бевме први на табелата постојано размислувавме на плеј-офот, зошто само со еден пораз можевме да го уништиме целиот труд што го градевме во долгата сезона што измина. Среќните лица на моите другарки, по освојувањето на пехарот, не може да се опишуваат со зборови, тие едноставно мора да се доживеат, - истакна Моника Трајковска.

Во борбата за третото место ,,Круме Кепески" славеше над "Партенија Зографски" со идентични 2:0, по сетови 25:19 и 25:11.

## СТЕФАН МИЛЕВСКИ - ЧЛЕН НА СПОРТСКАТА КОШАРКАРСКА АКАДЕМИЈА



# Дивац е мојот идол



Посебно е чувството кога НБА кошаркарската легенда Владе Дивац за момент ќе ти ја потфрли топката. Згора на тоа, ќе те пофали и ќе ти каже дека имаш талент. Тоа чувство го имаше Стефан Милевски, еден од најдобрите кошаркарски таленти на општина Кисела Вода, играјќи за својата Општина во финалето на турнирот на МОК, организиран по повод ,,20 годишнината" од постоењето на највисоката спортска институција во државата.

- Тоа ќе бидат незаборавни моменти од мојот живот, - вели Милевски и продолжува.- Имавме информација дека Владе Дивац ќе дојде да го гледа финалето. Посебно се мотивирав кога го видов мојот идол Владе Дивац во спортската сала ,, Градски парк". Тој е неверојатно скромен човек. Дојде до центарот на игралиштето и пред да ја потврфрли топката, а со тоа и да го означи почетокот на финалето ни рече: - ,, Браво момци,вие сте посебни таленти, добри сте и ви посакувам да имате успешна кариера".

● Со оглед дека си примен во новоформираната ,,Спортска кошаркарска академија", дали определбата за спортот е твојата идна животна определба?

-Дефинитивно. Го сакам спортот и сакам да напредувам во кошарката. Инаку две години тренирам кошарка во клубот ,,Партизан Водно Санс". Мојата определба е професионално да се занимавам со кошарка. Уште на тестирањето ми рекоа дека иако сум висок 195 см, во иднина ќе тренирам повеќе на бековската позиција. Во академијата сум заедно со соиграчите од ,,Кисела Вода" Стефан Трајчевски и Мики Димитриевски.

● Како ја оценуваш изминатата сезона во училишниот спорт?

-Училишниот спорт ми го даде патоказот во животот. Тука го засакав спортот, тука стекнав многу пријателства. Изминатата сезона беше повеќе од успешна. Мојата шампионска генерација со триумфот во ,,Купот Св. Ѓорѓи", вечно ќе остане во моите сеќавања., - на крајот заврши Стефан Милевски. ●

## МИЛЕНА ИЛИЕВСКА И ЈЕЛЕНА КОСТИЌ – ТАЛЕНТИРАНИ ОДБОЈКАРКИ

# Си заминуваме како - ШАМПИОНИ

Спортот има магична привлечност. Незаборавни се дружењата во спортот, особено оние кои се случуваат во самиот почеток , во училишниот спорт. Двете, маалски другарки Милена и Јелена, иако живеат во иста населба , ,,11-ти Октомври – бараки", учеа во различни училишта, Милена во ,,Кирил Пејчиновиќ" а Јелена во ,,Невена Георгиева Дуња", играат во различни одбојкарски клубови, Милена во ,,Фит Фан" а Јелена во ,,Јанта Волеј", сепак, изминативе две години имаа нешто заедничко. Спортот, повторни им ги вкрсти патиштата во ,,Селекцијата на таленти" на општина Кисела Вода.

-Со ,,Селекцијата на таленти" на општина Кисела Вода, годинава го освоивме ,,Купот Св.Ѓорѓи", -вели Милена Илиевска, и продолжува, - додека на игрите ,,МОИ" бевме втори. Инаку, купот беше добро организиран, а во шампионската титула во многу ни помогна минатогодишното искуство од ова натпреварување, лигашките натпревари и средбите во ,,МОИ".

- ,, Задоволни сме од сопствената игра каде сите ние дадовме се од себе. Среќни сме дека вложениот труд се исплатеше и го освоивме првото место. Оваа излезна генерација заслужено ја освои шампионската титула. Си заминуваме како шампиони,- потенцираше Јелена Костиќ.

За двете талентирани одбојкарки незаборавна била и атмосферата во спортската сала Независна Македонија" во текот на одигрувањето на натпреварите.

-,,Посебно сме и благодарни на нашата публика која не поддржуваше во секој поен и тогаш кога добивавме, а и тогаш кога губевме. Секако, посебен впечаток ми остави дружењето, како во нашата екипа, така и со другите екипи и општиснки селекции, каде стекнавме нови пријателства и познанства, -со нескриена возбуда ги искажа импресиите од натпреварите, капитенот на одбојкарската ,,Селекција на таленти" на општина Кисела Вода, Милена Илиевска.

-,,Привилегија беше да се игра во преполна сала во лигашките натпревари. Згора на тоа и публиката да го скандира твоето име. Тоа се случуваше во плеј-оф натпреварите. Конкуренцијата беше јака што допринесе како играчи да се надградиме. Сепак на ,,Дуња" и немаше равен. Имавме само еден пораз од ,,Рајко Жинзифов" во првото коло, меѓутоа во финалето им се реванширавме. Заслужено ја освоивме шампионската титула – заврши, Јелена Костиќ, за чиј талент допрва ќе се слушне.

Милена и Јелена, остануваат посветени на спортот и пријателството. Во идниот период им престојат многу ,,дуели" на одбајкарските терени, но, како што велат, деновите поминати во училишниот спорт во општина Кисела Вода, засекогаш остануваат неизбришливи во меморијата. ●



**Градоначалникот Марјан Ѓорчев го доделува трофејот „Св. Ѓорѓи" на капитенот Милена Илиевска**



**Смеч на Јелена Костиќ (десно)**

## ФИНАЛЕ, ПЛЕЈ-ОФ - ЛИГА ВО ПИНГ-ПОНГ



Наградените учесници во плеј-офот

# „Просветителите” неприкосновени

Плеј-офот на пинпонгарската училишна лига, која се одржа во драчевското ОУ,,Кузман Шапкарев“ помина во очекувана доминација на пинпонгарите од ,,Партенија Зографски“. Екипата на тренерот Мартин Мартиновски, во училишните спортски архиви ќе биде забележана како една од најуспешните, со оглед на фактот што забележа максимален учинок во лигата и плеј-офот од 16 победи, со учинок од 48 добиени и само 3 изгубени сетови.

-Навистина ова генерација е за паметење. Славчо Темелковски, Стефан Темелковски, Ина Стефановска, Христина Младеновска, Филип Гиговски се сестрани спортисти, но пинпонгот некако им влезе ,, под кожа“. На редовните тренинзи, на голем одмор, при губење на часови, постојано во спортската сала играа пинг-понг. По таков постојан тренинг и резултатите се видливи, - вели проф. по физичко воспитување Мартин Мартиновски.

Технички организатор на на натпреварите и судењето беше меѓународниот судија за пинг-понг Димче Ташковски.

-Самото натпреварување покажа дека постои голем интерес кај учениците за овој спорт. Во лигата учествуваа осум училишта а секоја екипа беше составена од тројца натпреварувачи и еден резерва. За време на натпреварите во салата секогаш имаше помеѓу четриесет и педесет навивачи, повеќето другари на учесниците.Тоа покажува дека на децата треба да им се обезбедат услови , да се има сала и маси за пинг-понг, па секогаш ке има заинтересирани и талентирани деца за пинг-понгот.

Начинот на играње дозволуваше екипите да бидат со мешан состав , учествуваа и машки и женски во иста екипа, што се покажа одлично бидејки девојчињата во многу натпревари се покажаа подобри од машките.

Ако во следната училишна година, се продолжи со овој начин на натпреварување сигурен сум дека уште повеќе ке се зголеми интересот кај децата за пинг-понгот. Добро би било кога би се селектирале подобрите натпреварувачи,учесници во лигата и да се направат подготовки со истите.Подготовките би можеле да бидат за време на викендите и за време на зимскиот распуст,- заврши Ташковски кој во пинг-понгот е триесет години како играч и тренер.

Патем, во финалето ,,Просветителите“ го совладаа ,,Рајко Жинзифов“ со 3:1 додека во малото финале ,,Круме Кепески“ со 3:0 славеше над домаќинот ,,Кузман Шапкарев“. ●



| ТАБЕЛА: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П. Зографски | 14 | 14 | 0 | 42:2 | 28 |
| Р. Жинзифов | 14 | 12 | 2 | 38:12 | 24 |
| К. Кепески | 14 | 9 | 5 | 32:23 | 18 |
| К. Шапкарев | 14 | 6 | 5 | 32:23 | 16 |
| К. Ј. Питу | 14 | 7 | 7 | 25:23 | 14 |
| Св.К. Охридски | 14 | 3 | 11 | 14:36 | 6 |
| Н. Г. Дуња | 14 | 2 | 12 | 14:36 | 4 |
| К. Пејчиновиќ | 14 | 0 | 14 | 3:39 | 0 |

| ПОЛУФИНАЛЕ | |
|---|---|
| Партенија Зографски– К. Шапкарев | 3:0 |
| Рајко Жинзифов – Круме Кепески | 3:1 |
| ФИНАЛЕ | |
| ЗА ПРВО МЕСТО | |
| Партенија Зографски – Рајко Жинзифов | 3:1 |
| ЗА ТРЕТО МЕСТО | |
| Кузман Шапкарев – Круме Кепески | 0:3 |

# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## Селекција на таленти-фудбал



Селекција на таленти: Зафировски и Ѓорѓевиќ (селектори);
Екипа: Јовановски, Митрев, Марковски, Ристовски, Папули, Реџеповски, Марковски, Тасевски, Алија, Авеловски, Биковски, Мицев и Чорев

## ФИНАЛЕ, ПЛЕЈ-ОФ - ЛИГА ВО ШАХ

### „КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ“ ЈА ОДБРАНИ ШАХОВСКАТА ТИТУЛА

# Шах се игра и на голем одмор

ОУ “Кузман Јосифовски Питу“ го задржи приматот од ланската сезона. Во финалето на плеј- офот, тие славеа со 3:1 во средбата со врсниците од ,,Партениј Зографски“, додека во борбата за третото место основците од ,,Невена Георгиева Дуња“ славеа победа над „Кирил Пејчиновиќ“ со 2,5:1,5.

-Бевме неприкосновени во лигата и плеј-офот. Нашето училиште има голема традиција во шахот. Тоа е омилен спорт кај децата, кои постојано на училишните клупи, за време на одморите или веднаш по часовите - играат шах. Интересно е, дека, избраниците на професорот Ѓорѓи Мандевски станаа двапати еднОподруго општински училишни шампиони и носители на „златниот“ медал . Едноставн, Симакоски, Смилески, Таневски и Костадинов беа непобедливи и заслужено го освоија „златниот“ медал во сезоната 2011/2012 година. Инаку, финалните натпревари поминаа под будното око на покровителот на училишниот спорт, градоначалникот Марјан Ѓорчев. Тој не ја испушти приликата на талентираните ученици да им пренесе дел од неговото богато шаховско искуство, стекнато во времето како прв човек на ШФМ и шаховскиот клуб „Кисела Вода“, притоа, бележејќи ги историските резултати на македонскиот шах на меѓународна сцена.



Градоначалникот Марјан Ѓорчев со внимание ги следеше талентите

-Децата го сакаат шахот. По 16 одиграни кола заедно со плеј-оф натпреварите, заедничка констатација со техничкиот организатор на лигата фиде -мајсторот Иван Кочовски, е дека, во Кисела Вода треба да работиме поинтензивно на овој проект. За идната сезона планираме шахот да го воведеме како изборен предмет во неколку училишта. Селектираните ученици, пак, ќе имаат дополнителна шаховска едукација во шаховскиот клуб „Ристо Ничевски“, - истакна Бранко Пауновски, координатор на училишната шаховска лига.



Пехарите и медалите ги додели Звонко Спасовски, претседател на Советот на ОКВ

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, УЧИЛИШЕН СПОРТ СЕЗОНА 2011/2012 КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ И ТАБЕЛА**

| | | |
|---|---|---|
| Кузман Јосифовски Питу | 46 ½ | 25 |
| Невена Георгиева Дуња | 41 ½ | 23 |
| Партенија Зографски | 37 ½ | 21 |
| Кирил Пејчиновиќ | 27 ½ | 14 |
| Рајко Жинзифов | 13 | 28 |
| Круме Кепески | 17 ½ | 7 |
| Св.Климент Охридски | 13 | 6 |
| Кузман Шапкарев | 12 ½ | 3 |

ПЛЕЈ–ОФ: ПОЛУФИНАЛЕ

К. Ј. Питу – К. Пејчиновиќ 4:0

Н. Г. Дуња – П. Зографски 2:2

(во финалето се пласира Партенија Зографски поради вкупно подобро бодовно салдо од четирите табли во регуларниот дел)

ФИНАЛЕ, ЗА ПРВО МЕСТО

К. Ј. Питу – П. Зографски 3:1

ЗА ТРЕТО МЕСТО

Н. Г. Дуња – К. Пејчиновиќ 2,5 : 1,5

УСПЕШЕН ПРОЕКТ НА УНИЈАТА НА СПОРТСКИ ПЕДАГОЗИ НА ОКВ И ОПШТИНАТА

# Следењето на развојот кај децата - клуч за спортскиот успех

Проектот за активности по физичко воспитување во градинките, кој е иницирин од Градоначалникот на општина Кисела Вода, Марјан Ѓорчев се реализира и оваа учебна година. Проектот го реализираат претставници од Унијата на спортски педагози – Кисела Вода, а со него се опфатени сите деца на возраст од 3 до 5,8 години во градинките "8-ми Март" и "Весели Цветови".

Проектот се реализира преку одржување на бесплатни активности по физичко воспитување еднаш неделно во секој објект на градинките и со секоја група поделно, а ќе се спроведуваат и антропометриски мерења на децата. Овој проект беше акламативно изгласан и поддржан од сите советнички групи во Советот, а иста судбина имаше и проектот за антропометриски мерења на учениците во основните училишта во Општината, кој веќе втора година се реализира во сите осум основни училишта.

-"Основната цел на овој проект е да го поттикнува сестраниот психосоматски развој на децата, да ја развива здравствената култура во насока на зачувување и унапредување на сопственото здравје и здравјето на околината, да ги задоволи детските потреби за движења, односно од физичка активност со што децата би се здобиле со навики за секојдневно физичко вежбање" – информира претседателот на Советот на општина Кисела Вода, Звонко Спасовски.

Водителите на спортските програми кои се професори по физичко и здравствено воспитание и образование ги запознаваат децата со основните чекори на гимнастиката, атлетиката, игрите со топка, боречки спортови низ игра, елементарни и штафетни игри, народни игри и ора, класични и модерни танци, шаховска едукација, аеробик, а се реализираат и индвидуални програми за деца со пречки во развојот.

-"Тука мора да ја пофалам прекрасната соработка со Унијата на спортски педагози кои го имплементираат проектот, но и разбирањето од градоначалникот Марјан Ѓорчев, без чија поддршка реализацијата на овие два проекти немаше да бидат возможни" – порача претседателот Спасовски.




**Приоритет спортскиот развој на децата - Звонко Спасовски**

Минатата година се промовираше и научно-истражувачката монографија: "Развојни тенденции на некои антропометриски, функционални, моторни показатели и социо-економскиот статус кај учениците од двата пола од 6 до 14 годишна возраст од основните училишта во општина Кисела Вода". Монографијата е производ на повеќемесечно истражување на популациското здравје на 4013 ученици од сите осум основни училишта во општината Кисела Вода, извршено од тим составен од преку 40 универзитетски професори, професори по физичко образование, истражувачи и соработници, а директно поддржано од општината Кисела Вода и Унијата на спортски педагози – Кисела Вода.

-"Кај секое дете освен матичните податоци можна е евиденција и следење на антропометриските параметри, функционалните мерки, телесниот состав, аеробниот капацитет и моторните способности кои автоматски се вреднувани врз основа на референтни критериуми за секој внесен параметар во однос на возраста и полот, при што секое дете добива личен картон за моменталната состојба на сите мерени параметри, кои може да ги спореди во однос на останатите ученици на иста возраст и пол" – појасни членот на Советот на ОКВ, проф. д-р Чедомир Саздовски, автор на проектот.

Пофални зборови за монографијата и проектот, воопшто имаше и претседателот на Советот. "- Спортот е нешто што го обединува светот, а физичкото образование и училишниот спорт се основата за тоа. Оваа монографија во чија изработка учествуваа голем број на универзитетски професори, спортски работници, спортски педагози и соработници, а која има целосна морална и материјална поддршка од Советот на општина Кисела Вода, верувам дека ќе претставува вистински водич на нашите спортски педагози во обликувањето и моделирањето на воспитно-образовниот процес во делот на физичкото образование." – порача претседателот Спасовски.

## ВРЕДНУВАНИ РЕЗУЛТАТИТЕ НА НАЈУСПЕШНИТЕ




# 100 награди за 100 таленти

Општината Кисела Вода, додели 100 парични награди од по 10.000 денари за 100 најдобри талентирани ученици во Општината, кои се докажале со низа активности во изминатата година во делот на образованието, спортот и културното творештво.

-Не беше лесно да се одвојат 100 таленти. Но, тоа го направивме заедно со Советот на родители и Наставничкиот совет во училиштата. Прекрасно беше чувството кога децата ги примаа наградите. Нивните насмеани лица, докажуваа дека нивниот труд и нивниот талент, почнувајќи од родителите, преку наставниците во училиштата, завршувајќи со нас во Општината - некој го забележил и вреднува. Овај, проект ќе прерасне во традиција и понатаму ќе се трудиме на децата да им овозможуваме максимални услови за развој на нивниот талент“ - потенцираше градоначалникот Марјан Ѓорчев, кој заедно со легендарниот ракометар Аце Станковски и пом. раководителот на Секторот за образование, култура и спорт Елизабета Јаневска, свечено им ги додели наградите. ●


КИСЕЛА ВОДА


Општина
Кисела Вода

## ЦОУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ" Е НАЈ-СПОРТСКО УЧИЛИШТЕ ЗА СЕЗОНАТА 2011/2012

# Сите почести за „Драчевци"

**- Второто место го освои „Партенија Зографски" додека третото го делат „Невена Георгиева Дуњa" и „Круме Кепески". -„Предвидено е следната година, три училишта да добијат нови спортски сали„ - вели, Елизабета Јаневска, пом. раководител во Секторот за образование, предучилишна возраст, култура и спорт**

По завршувањето на сезоната, вообичаено е да се валоризира постигнатиот труд. Сите осум основни училишта, кои егзистираат на територијата на општина Кисела Вода, учествуваа со свои екипи во пет спортови: мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг-понг и шах. Лигите се играа по бергеров систем (секој со секого), во две сезони есенска и пролетна, со плеј оф завршница. Темпото беше исцрпувачко, но, резултатите на крајот, потврдуваат и покажуваат, зошто токму спортот во училиштата треба да биде врвен приоритет на локалната самоуправа.

Конечната табела, со вреднување на резултатите (добивање на поени од 1 до 8, во зависност од пласманот во лигите), покажува дека ОУ ,,Рајко Жинзифов" е најспортско училиште во Општината за сезоната 2011/2012 година, со освоен 31 бод. Триумфираа во кошарката, во одбојата и пинг –понгот беа вице-шампиони,четврто место освоија во фудбалот, а потфрлија во шахот исвојувајчи го петото место. Само за бод помалку, со освоени 30 бодови, на второто место се пласирани ,,Просветителите". ОУ ,,Партенија Зографски" неприкосновен беше во пинг-понгот, втори беа во шахот, трети во кошарка а четврти во одбојка. ,,Кикснаа" во фудбалот освојувајќи го 5-тото место. Третото место го заседоа ,,Невена Георгиева Дуња" и ,, Круме Кепески" со освоени 28 бода. Заедничко на сите првопласирани четири екипи е нивното учетсво во четири плеј-оф завршници.

- Им честитам на најуспешните, со надеж дека останатите училишта веќе во следната сезона ќе покажат подобри резултати. Училишниот спорт е еден од приоритетите на Општината. Овој проект, по возобновувањето го градиме седум години. Последните три години, по укажувањето на спортски релевантни институции и здруженија сме прогласени за лидери во Македонија по организираност, масовност, квалитет и развој на училишниот спорт. За ваквиот успех, заслужно е одделението за спорт, наставниот спортски кадар во училиштата, учениците, директорите и секако, градоначалникот Марјан Ѓорчев кој е покровител на овој проект и кој постојано со разни идеи и содржини се залага за постојан растеж на училишниот спорт. Како, Општина постојано ќе се залагаме да ги подобруваме условите за спорт во сите училишта. Верувам ,дека веќе во идната година ќе имаме три нови спортски училишни сали. Две ќе се добијат со изградбата на новите училишта ,,Рајко Жинзифов" и Невена Георгиева Дуња" а нова училишна сала ќе се гради и во ,,Кузман Јосифовски Питу", - заврши Елизабета Јаневска пом. раководител во Секторот за образование, предучилишна возраст, култура и спорт.



Кошаркарите шампионски ја завршија сезоната

-Училишниот спорт во Кисела Вода успешно граби кон својата цел – откривање на нови спортски таленти. Да се организира пет лиги по бергеров систем на одигрување на средбите со плеј-оф завршница, навистина е голема работа. Морам да потенцирам дека и условите се практично совршени од условите што мојата генерација ги имаше на располагање. Има нови сали, дресови, нови риквизити, добра организација на средбите со превоз, лекарски прегледи, професионални судии, семафори... Од она што го видов на плеј-оф натпреварите, има многу талентирани деца кои допрва ќе се докажуваат во своите клубови. Се надевам дека веќе од следната година ќе има и лига во ракомет, од едноставна причина што ,,Кисела Вода" е препознатлива токму во овој спорт, - заврши Аце Станковски, нашата ракометна легенда, кој беше чест гостин на училишните натпревари. ●

| РЕДОСЛЕД НА УЧИЛИШТА ПО БОДОВИ | |
|---|---|
| РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 31 |
| ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ | 30 |
| НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА | 28 |
| КРУМЕ КЕПЕСКИ | 28 |
| КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 20 |
| КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ | 19 |
| КУЗМАН ШАПКАРЕВ | 13 |
| СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 11 |

## ЦОУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“

Адреса: ул. „Ратко Митровиќ“ бр.14

### СТЕВЧЕ ВАСИЛЕВСКИ ДИРЕКТОР НА ОУ РАЈКО ЖИНЗИФОВ

# Со ново училиште во нови победи

- ,,Приматот најуспешно училиште во училишниот спорт во Општината навистина е привилегија за нас. Успехот се должи на континуирана работа на наставниците по физичко воспитување и перманентно усовршување. Сепак, резултати немеше да има ако Општината не ги постави организациски добро работите. Почнувајќи од промоцијата на отварањето, преку организираниот превоз, обезбедувањето на спортските сали, обезбедувањето на судии за натпреварите, соодветни записници, награди... Инаку, морам да напоменам дека во следната година ќе имаме сосоема ново изградено училиште, па оттука очекувам да го повториме успехот, со оглед на фактот што во новата спортска сала, сега ќе имаме многу подобри услови за работа“. ●



Директорот Стевче Василевски со пингпонгарската екипа

Одбојкарките изборија второ место



# ОУ ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ

Адреса: ул. Доситеј Обрадовиќ бб.





Одбојкарките сезоната ја завршија на четвртото место

## АЦО МИНОВСКИ ДИРЕКТОР НА ОУ ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ

# Наставникот Мартиновски - најзаслужен

-,,Организацијата на натпреварите беше на завидно ниво. Благодарност до градоначалникот Марјан Ѓорчев кој дава огромен придонес во постојаниот развој на училишниот спорт во Општината, а наставниците и учениците возвраќаат со масовно учество и постигнување на добри резултати. Ние сме горди на постигнатите резултати, а освоеното второ место во севкупниот пласман е вредно за почитување. Посебна заслуга за добрите резултати има Мартин Мартиновски наставникот по физичко воспитување, кој не штедеше време и труд за секојдневните тренажни активности. Училиштето и понатаму, постојано ќе се ангажира на учениците-спортисти, да им овозможи услови, набавка на спортска опрема и реквизити за постигнување подобри спортски резултати“. ●



Талент за кој се зборува: Стефан Темелковски (со баскетот)

## ОУ „НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА-ДУЊА“

Адреса: ул. „Михаил Чаков“ бр.2

### ВАНГЕЛ СУВАРИЕВ ПРОФ. ПО ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО ОУ Н. Г. ДУЊА

# Судиите ни го „украдоа” кошаркарското финале

-,,Задоволен сум од постигнатите резултати. Да се биде трети, во конкуренција на 8 училишта, при валоризација на 5 спортови, навистина е успех. Заедно со колегата Ристо Дарлев, успеавме на учениците да им направиме навика за тренинг, да им „всадиме“ тимски дух, да ги едуцираме во делот колку е важно да се спортува и да се дружат. Инаку, во одбојката бевме неприкосновени, во фудбалот во финалето,изгубивме од подобар противник, во кошарката имавме шампионска екипа, но едноставно судиите ни го „украдоа“ финалето, во шахот пропуштивме да се пласираме во финалето и бевме трети, во пинг-понгот допрва треба да се докажуваме“.



На крајот само - четврти



Прво место за одбојкарките



Фудбалерите вицешампиони

## „КУП СВ.ЃОРГИ“





### ЛАЗАР ПОПОВСКИ, ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ , ГИ ДОДЕЛИ НАГРАДИТЕ

# „Кисела Вода” - супериорна



Шампионско славје, преполни трибини во спортските сали, детски џагор, по некоја солза радосница за освоениот пехар и доделениот медал, тага за пропуштената шанса да се биде најдобар во својата генерација, еуфорија за паметење... Вака накратко, би се опишала атмосферата на одигрувањето на натпреварите на Купот „Св.Ѓорѓи“ во спортските сали „Архиепископ Дуситеј“ и „Независна Македонија“. Селекциите на таленти од пет Општини, покрај Кисела Вода свои екипи имаа и Аеродром, Гази Баба, Центар и Сопиште. По еднонеделно спортување, севкупен победник беше општината Кисела Вода, која освои две први и едно второ место. Домаќините триумфираа во одбојка (девојчиња), во финалето славеа над селекцијата на Центар со 2:1 во сетови. Селекции од истите општини, се сретнаа и во финалето на кошаркарскиот турнир. Овде, се истакнаа Милевски, Георгиев и Стефан Темелковски,

### ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ-ОФ - ФУДБАЛ
### ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
### 1:3 (1:3)

Место на играње: спортска сала „Архиепископ Доситеј“. Гледачи околу 500. Судии: Володер Адис, Видимиќ Дарко. Делегат: Мурат Володер. Стрелци: И. Авеловски (Општина Кисела Вода), Ф. Неделковски, С.Шоловски, Ф. Неделковски (Општина Гази Баба)

Општина Кисела Вода: Б. Јовановски, А Митрев, Д. Марковски, К. Ристовски, Х. Папули, Г. Реџеповски, А. Марковски, С. Тасевски, А. Алија, Н. Авеловски, А. Биковски, А. Мицев. Тренер: Драгољуб Ѓорѓевиќ

Општина Гази Баба: М. Серафимовски, Б. Бахриј, М.Деми, К. Богоевски, П. Канзуров, А. Стефановски, Ф. Неделковски, В. Стојковски, К. Стојменов, Д. Митревски, С. Шоповски, С. Јефтов. Тренер: Петрушевски и Христовски

### НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО
### ОПШТИНА СОПИШТЕ - ОПШТИНА ЦЕНТАР
### 0:1 (0:1)

Место на играње: спортска сала „Архиепископ Доситеј“. Гледачи околу 500. Судии: Володер Адис, Видимиќ Дарко. Делегат: Мурат Володер Стрелец: Н. Видановски (Општина Центар)

Општина Сопиште: И. Алексовски, С. Богдановски, И. Јовески, К. Петковски, Д. Блажевски, З. Бабунски, Ф. Коцевски, В. Анчевски, И. Спасовски. Тренер: Христифор Пејовски

Општина Центар: Љ. Трпевски, А. Бошковски. М. Василиев, А. Кировски, И. Мојсовски, С. Стојчевски, Н. Серафинов, Н. Виданоски, А. Јордев, Ш. Бахтиаров, И. Митревски, А. Алимовски. Тренер: Томислав Ивановски



| | |
|---|---|
| ПОЛУФИНАЛЕ ФУДБАЛ: | |
| Кисела Вода – Центар | 8:1 (5:0) |
| Гази Баба – Сопиште | 6:0 (3:0) |
| ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ–ОФ – КУП СВЕТИ ЃОРЃИ | |
| Кисела Вода – Гази Баба | 1:3 (1:3) |
| НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО | |
| Сопиште – Центар | 0:1 (0:1) |
| Конечна табела: | |
| Општина Гази Баба | |
| Општина Кисела Вода | |
| Општина Центар | |
| Општина Сопиште | |
| ПОЛУФИНАЛЕ КОШАРКА: | |
| Кисела Вода – Гази Баба | 44:39 (20:20) |
| Центар – Аеродром | 41:34 (14:21) |
| ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ–ОФ ВО КОШАРКА | |
| Кисела Вода – Центар | 51:44 (30:20) |
| НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО | |
| Аеродром – Гази Баба | 53:59 (24:33) |
| Конечна табела: | |
| Општина Кисела Вода | |
| Општина Центар | |
| Општина Гази Баба | |
| Општина Аеродром | |
| ПОЛУФИНАЛЕ ОДБОЈКА: | |
| Центар – Гази Баба | 2:0 (25:20;25:18) |
| Кисела Вода– Сопиште | 2:0 (25:10; 25:11) |
| ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ–ОФ ВО ОДБОЈКА | |
| Кисела Вода – Центар | 2:1 (25:16; 25:27; 15:07) |
| НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО | |
| Гази Баба – Сопиште | 2:0 (25:5 ; 25:16) |
| Конечна табела: | |
| Општина Кисела Вода | |
| Општина Центар | |
| Општина Гази Баба | |
| Општина Сопиште | |

кој пак, беше МВП играч на турнирот и најзаслужен за триумфот на Кисела Вода од 51:44. Нов шампион во мал фудбал на купот „Св.Ѓорѓи“ е селекцијата на Гази Баба. Таа во двете средби играше технички најдобар фудбал. Во финалната средба, избраниците на селекторот Ивица Петрушевски славеа над Кисела Вода со 3:1. Иако, домаќините поведоа со евро-голот на Авеловски, во продолжението на играта со головите на Неделковски, Шоповски и Јефтов, селекцијата на Гази Баба се избори за својата прва титула во купот „Св. Ѓорѓи“.

Трофејот „Св Ѓорѓи“ и медалите на најдобрите на завршното кошаркарско финале, ги додели Лазар Поповски, поранешен македонски кајакарски репрезентативец, а сега, во улога на директор на Агенцијата за млади и спорт.

-Сакам да ви честитам на прикажаната игра и на фер-плејот. Само со организирање на вакви натпревари, македонскиот спорт бездруго ќе чекори кон подобра иднина. Полнитете сали и интересот за спортување и одигрување на натпревари во рамките на училишниот спорт, само ја поотврдува тезата дека, ние сите, сме заедно на една страна, во улогата на јакнење на спортот во училиштата, кој бездруго е предуслов за стварање на врвен спорт во едно општество. Ме радува фактот, а воедно сакам и да им честитам на организаторите, општината Кисела Вода, кои се сетиле да организираат, меѓуопштински натпревари а со тоа училишниот спорт да има повисока форма на развој, со градење на селекции на таленти од повеќе



**Одлична организација**

## ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ-ОФ ВО КОШАРКА
## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ОПШТИНА ЦЕНТАР
## 51:44 (30:20)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија“.
Гледачи околу 500.
Судии: Петровиќ, Димовска. Делегат: Милован Матовиќ.

Општина Кисела Вода: Ѓорѓиев, Данчевски, Темелковски, Димитриевски, Јонуз, Николовски,Кржаловски, Трајчевски, Зафиров, Јаховиќ, Гиговски, Милевски .
Тренери: Кечовски, Ефтовски, Милојевиќ.

Општина Центар: Јанев, Петровски, Робев, Ивановски, Србиновски, Димовски, Прентовиќ, Стефанов, Јакимовски, Зафировиќ, Пановски, Богдановски.
Тренер: Ѓеорѓиевски.

## НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО
## ОПШТИНА АЕРОДРОМ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
## 53:59 (24:33)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија“.
Гледачи околу 500.
Судии: Петровиќ, Бојчев. Делегат: Милован Матовиќ.

Општина Аеродром: Симиќ, Димитриевиќ, Куртовиќ, Кукунски, Василевски, Саздановски, Серафимов, Радовановиќ, Трајановски, Гозински, Хаџибулиќ, Димитриевски.
Тренер: Јовановски и Ацевски

Општина Гази Баба: Атанасов, Тодоровиќ, Темелков, Богоев, Јоковиќ, Василев, Петрушевски, Милески, Димитриевиќ, Делиќ, Веселиновски.
Тренери: Костовски, Петковиќ

# „КУП СВ. ЃОРГИ“



училишта кои егзистираат во самата Општина- истакна, меѓу другото првиот човек на Агенцијата за млади и спорт, Лазар Поповски.

Рекоа за „Куп Св. Ѓорѓи“

ГЛОРИЈА КАРОВСКИ – Една од најактивните спортисти-таленти на генерацијата. Носител на медали и признанија во одбојката, кошарката и атлетиката

- Оваа година се гледа голем напредок во играта на Селекцијата на таленти на општина Кисела Вода. Според мене, тој напредок се должи пред се на континуираните натпревари кои ги имаме во лигата на училишниот спорт. Бидејќи оваа година го завршувам основното образование посебно ќе ми недостасуваат натпреварувањата и другарувањата кои ги имавме во рамките на училишниот спорт“.



Заедничка фотографија на наградените со градоначалникот Марјан Ѓорчев

ЈОВИЦА ЕФТОВСКИ, селектор на кошаркарските таленти на општина Кисела Вода.

- „Оваа е една од најдобрите генерации. Буквално ги прегазивме сите противници. Во овој проект сите таленти на Општината се на едно место, покрај заедничките тренинзи, незаборавно е дружењето и градењето на тимскиот дух. За сите овие таленти, овие слики од училишниот спорт едноставно ќе бидат неизбришлив дел од нивниот живот“.

ТОМИСЛАВ ИВАНОВСКИ – селектор на фудбалските таленти на општина Центар

- „Вторпат учествуваме на купот „Св Ѓорѓи“. Годинава освоивме трето место. Ова иницијатива е за поздравување, бидејќи глана цел е да се промовираат талентите и да се воспоставува меѓуопштинска соработка во делот на спортот. Проектот е корисен и за социјализација на децата и другарување меѓу натпреварувачите, кои можеби понатаму ќе продолжат да тренираат заедно“. ●

## „Купот „Св.Ѓорѓи” ќе добие меѓународна димензија”

-Купот се организира втора година, но веќе за следната, планираме тој да има меѓународна димензија. Имено, во контакт сме со збратимените градови од Турција, Бугарија и Србија кои изразуваат желба да испратат свои екипи на турнирот. Мислам, дека тоа ќе биде вистински тест за „Селекциите на талентите“ од Кисела Вода, да бидат достојни репрезенти на Општината. Гледано од друг агол, добро е, да се споредат, да се разменат искуства и да се видат на дело, „училишни спортови“ од повеќе земји, кои користат различен приод на работа и функционирање, - резимираше Љупчо Трајчев, претседател на комисијата за спорт при Советот на општина Кисела Вода.



Љупчо Трајчев (прв од лево)

### ФИНАЛЕ НА ПЛЕЈ-ОФ – ВО ОДБОЈКА
### ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ОПШТИНА ЦЕНТАР
### 2:1 (25:16 ; 25:27 ; 15:07)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија“.
Гледачи околу 500.
Судии: Горан Јањевиќ, Дејан Младеновски.
Делегат: Миливоје Илиевски.

Општина Кисела Вода: Илиевска, Каровски, Ѓорѓиева, Костиќ, Трајковска, Младеновска, И. Стефановска, Цветковска, К. Стефановска, Караџова, Спасовска, Гаврилова. Тренери: Игор Зафировски и Мартин Мартиновски

Општина Центар: Алексовска, Ризаова, Алексовска, Митева, Перовиќ, Митева, Коцевска, Сенчук, Стојановска, Јордановска, Стевановска, Мицковска. Тренер: Јасминка Михајловска и Валентина Вељан

### НАТПРЕВАР ЗА ТРЕТО МЕСТО
### ОПШТИНА ГАЗИ БАБА – ОПШТИНА СОПИШТЕ
### 2:0 (25:5 ; 25:16)

Место на играње: спортска сала „Независна Македонија“.
Гледачи околу 500.
Судии: Горан Јањевиќ, Дејан Младеновски.
Делегат: Миливоје Илиевски.

Општина Гази Баба: Неделковиќ, Ѓурчиновска, А. Мекиќ, М. Мекиќ, Аврамовска, Илиевска, Неделковиќ, Кипровска, Филевска, Ѓорѓиевска, Гроздановска, Кузмановиќ. Тренер: Дејан Коневски

Општина Сопиште: Ѓорѓевиќ, Цековска, Јовчевска, Блажевска, Богановска, Китаноска, Аврамова, Змејкоска, Блажевска. Тренер: Христифор Пејовски

# ОУ „КРУМЕ КЕПЕСКИ“

Адреса: ул. „Сава Ковачевиќ“ бр.76

## ИГОР ЗАФИРОВСКИ ПРОФ. ПО ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО ОУ КРУМЕ КЕПЕСКИ



## Тимската работа дава резултати

„Континуирано ги следиме децата на редовните часови по физичко воспитување, правиме селекција на оние деца кои имаат предиспозиции во некој од спортовите. Со колегата Александар Милојевиќ работиме тимски и всушност еден таков пристап на работата, дава и резултати. Во изминатите години постојано сме во плеј-оф завршниците, па оттука сме задоволни и со освоеното трето место во штотуку завршената сезона. Морам да напоменам, дека во нашите селекции имаме повеќе деца од вообичаеното затоа што вклучуваме деца и од петто и шестто одделение, за да го осетат континуитетот на тренинзите но и самата атмосфера на средбите. Подоцна, истите тие деца во својата излез-



Кошаркарите го освоија второто место

на генерација ќе бидат и носители на играта. За добрите резултати на училиштето од голема важност е и користењето на новоизградената спортска сала „Архиепископ Доситеј“која ни дава дополнителен мотив за спортување“.



Трети во фудбал

## Дарко Тасевски донираше дресови

„За развојот на училишниот спорт во училиштето заслужни се и поранешни ученици на „Круме“ кои сега имаат успешни спортски кариери. Еден од нив, е и фудбалскиот репрезентативец Дарко Тасевски . Тој донираше дресови за фудбалскиот тим, кој на крајот од плеј–офот го заседе третото место“.

## ОУ КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ

Адреса: ул. „Огњан Прица“ бр. 2

### ЃОРЃИ МАНДЕВСКИ ПРОФ. ПО ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО ОУ КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ

# Новата сала ќе донесе подобри резултати

„И, овие резултати што се постигнуваат се успешни, со оглед на фактот што во училиштето немаме услови за работа. Во мала сала, неможеме да тренираме кошарка. Имаме плејада на кошаркарски таленти но, кога ќе се најдат на големо кошаркарско игралиште едноставно се губат. Исто ни се случува и со фудбалот. На мало фудбалско игралиште, децата можат да играат само на мали голчиња, па затоа не можат да дадат гол во редовните лигашки натпревари. Сепак, тврдам дека во училиштето имаме далеку поталентирани деца од другите училишта. Но, хендикепирани сме со немањето на услови, па оттука се прилагодуваме со она што го поседуваме. Еве, на пример во шахот, неколку години сме неприкосновени шампиони. Децата во училниците постојано играат шах. Деновиве, слушнав дека во нашето училиште ќе се гради нова училишна сала. Со неа, ќе имаме поголема масовност во спортот а се надевам и подобри резултати во училишниот спорт“. ●


Одбојкарките на К. Ј. Питу

## ОУ„КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“

Адреса: ул. „Пушкинова“ бр.17

### ПЕТРЕ ИВАНОВ ПРОФ. ПО ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО ОУ КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ

# Да се воведат нови рекреативни спортови


Фудбалерите со максимален учинок ја освоија титулата

- ,,Резултатите во многу зависат и од самите генерации. Затоа релативно сум задоволен од постигнатите резултати.Лани бевме подобри во кошарка, а оваа година бевме шампиони во фудбал. Сепак, мислам дека резултатите во лигите завистат и од фактот колку деца играат во клубови надвор од училишниот спорт. Ние, како тренери можеме само да го вкомпонираме тимот, но сепак, разликата во квалитетот ја прават оние што рекреираат и тренираат дополнително.Во иднина, училишниот спорт треба уште повеќе да се развива. Училиштата да имаат повеќе услови и риквизити за работа, но во програмата треба да има нови спортови хокеј на ролерки, рекреативно пливање, планинарење, летно логорување и се она што за учениците е рекреација, дружење и учење на нови вештини“. ●

## ОУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“

Адреса: ул. ,,Жарко Зрењанин'' бр.135

### ДРАГОЉУБ ЃОРЃЕВИЌ ПРОФ. ПО ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО ОУ К. ШАПКАРЕВ

# Потфрливме во фудбалот и кошарката



-,,Во сезонава што измина најголеми очекувања имавме во фудбалот, кошарката и пинг-понгот. Иако, имавме добри поединци во фудбалот тука беа Ќирил Ристевски и Андреј Милевски, како и во кошарката, каде доминантен беше Мики Димитровски, сепак – потфрлифме. На висината на задачата единство беа пинпонгарите кои влегоа во плеј-оф завршницата и го освоија четвртото место. Морам да напоменам дека напорно работиме со помладите генерации, од кои во иднина очекувам подобри резултати.

## ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

Адреса: ул. „Драчевска“ бр.98 с. Драчево

### АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВСКИ ПРОФ. ПО ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО ОУ СВ. К. ОХРИДСКИ




Стефан Трајчевски

# Стефан Трајчевски ни го обели образот

,,Ова беше преодна генерација. Заедно со колешката Ирена Рикаловска претежно работиме со деца од 6 одделение, бидејќи повеќето од нив тренираат во клубови. Нема дилема дека децата кои играат во клубови надвор од училишниот спорт, се потренирани и постигнуваат подобри резултати. Но, важен е и тренингот со своите врсници во училиштето поради уигрување на екипата. Во следната сезона верувам дека ќе постигнеме подобри резултати особено во одбојката. Инаку, ние како училиште сме хендикепирани бидејќи нема натпреварување во ракомет. Во овој спорт скоро секоја година учествуваме со успех на градски натпревари. За следната сезона ќе имаме добра женска екипа бидејќи повеќето тренираат во ракометната школа ,,Кастратовиќ“. Морам да напоменам дека ,,образот“ на училиштето оваа сезона го ,,обели“единствена кошаркарскиот талент Стефан Трајчевски, член на селекцијата на таленти на општина Кисела Вода и иден ученик во спортската кошаркарска академија.“

# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## Селекција на таленти-одбојка




Селекција на таленти: Мартиновски и Зафировски (селектори).
Екипа: Младеновска, Стефановска, Илиевска, Костиќ, Трајковска, Стефаноска, Каровски, Ѓорѓиева, Гаврилова, Цветковска, Марија Спасовска

СЛАВЧО ТЕМЕЛКОВСКИ – ТЕНИСКИ ТАЛЕНТ

# По стапките на Федерер

Славчо Темелковски е одличен ученик во шесто одделение во ОУ “Партенија Зографски“. Но, она што е позначајно е фактот што неговата детската соба е преполна со пехари и медали. Активно игра тенис од својата седма година. Досега учествувал на бројни турнири низ Македонија и Бугарија, а веќе две години игра и на турнири низ Европа (Италија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Романија) како репрезентативец на Македонија во категорија до 12 години и самостојно.

-Од учествата на државните турнири имам освоено три први места и едно второ место на отворени првенства во категоријана момчиња до 10 год. и прво место на државното првенство до 10 години во 2010год,- скромно ни посочува Славчо, и продолжува. - Во категорија до 12 години момчиња имам освоено четири први места и две трети места на отворени првенства во Македонија и едно прво место во екипно првенство во категорија до 12 години. Минатата година како член на македонската репрезентација заедно со Катерина Маринковиќ го освоив 3-тото место на ревијалниот турнир “Трофеј Београда“. Годинава, пак, позначајни резултати се 3-тите места на европскиот турнир во Добрич и отвореното првенство во Пловдив во Бугарија.

Обично во летото тенисот е многу поактивен спорт?



Поддршка од директорот на „П. Зографски“ Ацо Миновски и Општината

-Тому така. Летово ми престојат уште три европски турнири во Чачак во Србија и Сливен и Софија во Бугарија. Годинава, пак, заедно со тенисерката Марија Еленова, како членови на македонската репрезентацијата ќе учествуваме и на „Тенискиот европски развоен турнир“ во категорија до 12 години во Раковник во Чешка.

- Неодамна, на промоцијата „100 најдобри таленти во Општината“, ја прими наградата од градоначалникот Марјан Ѓорчев за постигнатите врвни резултати во спортот за учебната 2011/2012 год. Која е твојата тајна формула за успехот?

- Благодарност до Општината и градоначалникот за оваа награда која многу ми значи. За да се успее во тенисот треба макотрпна секојдневна тренажна работа. Секако, потребно е да се има и идол. Мојот идол е Рожер Федерер,- истакна најдобриот тениски талент во општината Кисела Вода, Славчо Темелковски.

ПО УЛИЦИТЕ НА ДРАЧЕВО СЕ ОДРЖА 36-ТАТА ЃУРЃОВДЕНСКА АТЛЕТСКА ТРКА

# Атлетичарите од „Жинзифов” најуспешни

Ѓурѓовденската улична атлетска трка, по традиција се одржува во организација на ОУ ,,Рајко Жинзифов“. Во натпреварувачка атмосвера, во четири трки, учество земаа над 200 ученици од основните училишта кои гравитираат во општината Кисела Вода. Најуспешни беа домаќините, кои успеаа да освојат најмногу трофеи. Во трката на 500 метри (ученички), прва на целта пристигна Сара Митрички (ОУ Р.Жинзифов) пред Сара Коларовска (ОУ К.Шапкарев) и Сара Станичевски (ОУ Р.Жинзифов) пласирана на третото место. Во трката на 600 метри (ученици), приматот го освои Стефан Петровски (ОУ Р. Жинзифов), второпласиран беше Никола Димовски (ОУ К. Шапкарев), додека Далибор Вучевски (ОУ К.Шапкарев) се задоволи со третото место. Интересно беше и во трката на 600 метри (ученички), каде сите три места ги заседоа домашните натпреварувачи од ОУ. Р.Жинзифов. Овде ,,златниот“ медал го освои Глорија Каровски, ,,среброто“ и припадна на Маријана Аврамовска додека третопласирана беше Сандра Илиевска. Во трката со најдолга патека од 700 метри за ученици, најбрз беше Матео Тренковски (ОУ Р.Жинзифов) пред Бгалојче Јованосвки и Христос Папуљи од ОУ. К Кепески пласирани на второто и третото место. На крајот како што и доликува, организаторите се погрижија сите наградени ученици, своите медали и дипломи да ги примат на свечем начин искачувајќи се на победничкиот пиедестал.

ОДБЕЛЕЖАНА „20 ГОДИШНИНАТА" ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ

# Училишниот спорт е основа на олимпиското движење



Заедничкиот проект на МОК и општините Кисела Вода, Карпош и Ѓорче Петров, по повод ,, 20 години" од постоењето на Македонскиот олимписки комитет - ги оправда очекувањата. Талентираните ученици од основните училишта селектирани во Општините како ,,Селекции на таленти", силите ги одмерија во колективните спортови одбојка, фудбал , кошарка и шах. Натпреварите имаа ревијален карактер. Примарна цел, беше низ колективните спортски игри да се поттигне дружење на децата, потсетувајќи дека училишниот спорт со својата масовност што може да ја обезбеди е основа на развојот на олимпизмот и врвниот спорт. Според програмата, секоја општина беше домаќин во одделни спортови. ,,Кисела Вода" беше домаќин на одбојкарскиот и шаховскиот турнир. Средбите на трибините ги проследија голем број на ученици и гости а наградите ги доделуваа првиот човек на МОК Васил Тупурковски и градоначалникот Марјан Ѓорчев.

- Од инзвонредна важност е да се развива училишниот спорт. Тој е база на олимпизмот и врвниот спорт. Тука се откриваат талентите и подоцна нивното знаење се надградува и усовршува.Во образовниот систем спор-








Пехарите ги доделија градоначалникот Ѓорчев и претседателот на МОК Тупурковски



тот мора да има важна улога. Развојот на училишниот спорт е основа на развојот на олимписките спортови и олимпиското движење. - истакна претседателот на МОК Тупурковски при доделувањето на наградите на учениците.

-Општината Кисела Вода, посветува посебно внимание на училишниот спорт. При реализација на програмите, од година во година имаме се поголема масовност меѓу учениците. Спортот во училиштата има и натпреварувачки и рекреативен карактер. Создаваме услови, сите деца да можат да спортуваат, а со тоа да ја јакнат индивидуата физички, физиолошки и психички. Во моментов, нашите проекти убедливо обезбедуваат најмасовен и најорганизиран училишен спорт во државата, - потенцираше градоначалникот Марјан Ѓорчев. ●



## „Кисела Вода е урнек за развој на училишниот спорт"



Одбојкарската легенда Владимир Богоевски со младите таленти

-Атмосферата на организираните натпревари беше инзвонредна. Целта е постигната, а гостите на МОК кој ги посетија „спортските арени" потврдија дека токму во училишниот спорт треба да се бараат и селектираат врвните таленти. Со Марјан Ѓорчев градоначалникот на Кисела Вода, веќе втора година ги организираме „Малите олимписки игри" па оттука можам да кажам дека токму најстарата скопска општина „Кисела Вода" треба да им биде урнек на другите општини како се работи, бидејќи имаат најорганизиран и најмасовен училишен спорт" – потецираше македонската одбојкарска легенда Владимир Богоевски, инаку Спортски директор на МОК.




Селекција на таленти: Кечовски, Ефтовски и Милојевиќ (селектори).
Екипа: Ѓорѓиев, Јовевски, Темелковски, Димитриевски, Јонуз, Николовски, Гиговски, Трајчевски, Зафиров, Јаховиќ, Данчевски, Милевски